# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 22.11.2023 ГОДИНА<br>БРОЈ 20 ГОДИНА 2023<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1066/2
22.11.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 22.11.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 22.11.2023 година го разгледа Кварталниот извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1041/3<br>22.11.2023 година<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

**ПРИЛОГ:Квартален извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

### за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година

1. Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1066/3<br>22.11.2023 година<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

---

Врз основа на член 95 Закон за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15,193/15,226/15 и 31/16), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија 5/2002) и член 17 точка 7 од Статутот на општина Кривогаштани (“Службен гласник на општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23 ), Советот на општина Кривогаштани, на седницата одржана на 22.11. 2023 година донесе:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2023г.**

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Кривогаштани за 2023 година бр. 08-1380/4 од 26.12.2022 година, бр.08-635/7 од 16.06.2023 година, бр.08-696/5 од 06.07.2023 година, бр.08-811/3 од 30.08.2023 година

2. Во Програма: ЈД ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ во Проект 1 кој гласи: **Изработка на техничка документација и изградба на улици во населено место: после Обршани се додава , Пашино Рувци. Во описот, после Бела Црква во должина од 150м се додава Пашино Рувци во должина од 750м**

   Вкупната вредност се зголемува за 300,000 денари

Вкупната вредност на Програмата ЈД не се менува- вредноста на проект 1 од изградба на патишта и улици се намалува 300.000 денари

Бр.08-1041/4
22.11.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на План на Програми за развој на општина Кривогаштани за период од 2024-2026 година**

1. Се прогласува Планот на Програми за развој на општина Кривогаштани за период од 2024-2026 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

2. Планот на Програми за развој на општина Кривогаштани за период од 2024-2026 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1066/4
22.11.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА ПЕРИОД ОД 2024 ДО 2026 ГОДИНА

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА ПЕРИОД ОД 2024 до 2026 ГОДИНА

1. **Цел на планот на програми за развој :** решавање на проблемот со водоснабдување во населените места во кои не е решен и обезбедување на чиста и здрава вода за пиење за сите граѓани на општина Кривогаштани како и решавање на проблемот со одведување и третманот на отпадните води и обезбедување на техничка документација и студии за решавање на проблемот. Исто така со планот на програми за развој опфаќа развојни програми со кои се предвидува изградба на општински патишта и улици на територијата на општина Кривогаштани, уредување на градежносто земјиште со изградба на објекти од јавен карактер, изработка на планска документација со што ќе се подобри квалитетот на живеење во населените места, подобрување на енергетската ефикасност во општинските јавни објекти.

## I РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:

ПРИХОДИ:1.500 000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.500.000,00 денари
РАСХОДИ:
**Проект 1: Изработка на техничка документација и приклучок на експлоатационен бунар во с. Обршани**
- Опис на проектот: со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за приклучок на постоечкиот бунар во с. Обршани и приклучување на истиоти во општинскиот водоснабдителен систем

Временски период на имплементација на проектот: 03/2024до 11/2024 година.
Вкупна вредност на проектот: 1.500.000,00 денари
ЕЛС Кривогаштани: 1.500.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 600.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 600.000 денари
РАСХОДИ:
**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до бунарско поле с. Славеј**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на **доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до бунарско поле с. Славеј**
Временски период на имплементација на проектот: 12/2025 година
Вкупна вредност на проектот: 600.000,00 година
Извор на финасирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ:1.000.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари
РАСХОДИ:
**Проект 1: Изградба на доводен цевовод од приклучна шахта на регионалниот водовод Студенчица кај с.Бело Поле до резервоар во бунарско поле с. Славеј (прва фаза)**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува изградба на прва фаза од доводниот цевовод во должина од 1км.
Временски период на имплементација на проектот: 04/2026до 11/2026 година
Вкупна вредност на проектот: 1.000.000,00 година
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари

## II РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 11.000.000,00 денари
МЖСПП: 10.000.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000,00 денари
РАСХОДИ:
**Проект 2: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани(2 фаза)**
**Планирани активности: Со првата фаза се предвидува да се изгради од дистрибутивната мрежа**
Временски период на имплементација на проектот: 12/2024година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 10.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
МЖСПП: 10.000.000,00 денари

**Проект 3 : Изработка на техничка документација и поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пречистителна станица за отпадни во Кривогаштани.
Временски период на реализација до 12/2024
Вредност: 60.000 денари
Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ:13.300.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.300.000,00 денари
МЖС: 13.000.000 денари
РАСХОДИ
**Проект 1 : Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Боротино со решение за третманот на отпадните води**
Опис на проектот: Со проекто се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на канализациона мрежа за с. Боротино со решение за третманот на отпадните води, на ниво на основен проект.
Временски период на имплементација на проектот: 05/2025 до 09/2025година.
Вкупна вредност на проектот: 300.000,00 денари
Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 300.000,00 денари
**Проект 2: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани( фаза3)**

- Изведба на фаза3 од канализационата мрежа.

Временски период на имплементација на проектот: 04/2025до 11/2025година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 14.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
МЖСПП: 13.000.000,00 денари
Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 7.250.000,00 денари
МЖСПП : 6.000.000 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 1.250.000,00 денари
РАСХОДИ
**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на канализациона мрежа во с. Подвис со решение за третманот на отпадните води**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на канализациона мрежа за с. Подвис со решание за третманот на отпадните води, на ниво на Основен проект.
Временски период на имплементација на проектот: 05/2026 до 08/2026 година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 250.000,00 денари

Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 250.000,00 денари

**Проект 3: Изградба на канализациона мрежа во с. Обршани( четврта фаза)**

- Опис на проектот: Изведба на фаза3 од канализационата мрежа.

Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 6.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
МЖСПП:6.000.000,00 денари

**Проект 3: Изградба на канализациона мрежа во с. Славеј -Фаза 4**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изгради дел од канализационата мрежа-фаза2.
Временски период на имплементација на проектот: 05/2026до 11/2026 година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 1.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
ЕЛС Кривогашани: 1.000.000 денари

## III.РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

### ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:

ПРИХОДИ: 20.800.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 3.800.000,00 денари
МТВ-Светска Банка: 17.000.000 денари
РАСХОДИ

**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на улица во населено место: Крушеани,Славеј, Кривогаштани и Обршани** Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на улица во населените места: Крушеани во должина од 500м, Славеј во должина од 400м, Кривогаштани во должина од 300м, Обршани во должина од 1000м и Пашино Рувци во должина од 750м.
Временски период на имплементација на проектот: 01/2024 до 08/2024 година.
Вкупна вредност на проектот: 800.000,00денари
Извор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 800.000,00 денари

**Проект2: Изградба на улици во: Крушеани, Обршани, Пашино Рувци, Кривогаштани,Подвис и Славеј**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се асфалтира улица во Крушеани во должина од 350м, Славеј во должина од 600м, Пашино Рувци во должина од 750м, Кривогаштани во должина од 300м, Боротино во должина од 210м, Обршани во должина од 200м,
Временски период на имплементација на проектот: 05/2024до 11/2024 година.
Вкупна планирана вредност на проектот : 20.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
Буџет на ЕЛС Кривогаштани : 3.000.000,00 денари
Министеретво за транспорт и врски- Светска Банка: 17.000.000 денари
БРР: 2.000.000 денари

### *ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА*

ПРИХОДИ: 5.400.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 5.400.000,00 денари
РАСХОДИ
**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Обршани, Славеј, Кривогаштани, Крушеани**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на улици во населените места: во с. Бела Црква, Славеј, Кривогаштани, Крушеани во вкупна должина од 2000м
Временски период на имплементација на проектот: 01/2025 до 06/2025година.
Вкупна вредност на проектот: 400.000,00денари
Избор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 400.000,00 денари
**Проект 2: Изградба на улица во населените места: Славеј, Кореница, и Кривогаштани**
Опис на проектот: Изградба на улици во населените места: Пашино Рувци, Подвис, Обршани, Славеј, Кореница и Кривогаштани во вкупна должина од 1500м
Временски период на имплементација на проектот: 07/2025 до 11/2025 година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 5.000.000,00 денари
Извор на финансирање:
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 5.000.000,00 денари

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:**

ПРИХОДИ: 5.500.000,00 денари
ЕЛС Кривогаштани: 5.500.000,00 денари
РАСХОДИ
**Проект 1: Изработка на техничка документација за изградба на улици во с. Пашино Рувци, Славеј, Кривогаштани,**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за изградба на улици во населените места: во с. Пашино Рувци, Славеј, Кривогаштани**,** во вкупна должина од 2000м
Временски период на имплементација на проектот: 01/2026 до 06/2026година.
Вкупна вредност на проектот: 500.000,00денари
Избор на финансирање:Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 500.000,00 денари
**Проект 2 :Изградба на улици во населените места: Кривогаштани, Славеј, Пашино Рувци и Обршани**
Опис на проектот: Изградба на улици во населените места Кривогаштани, Славеј, Пашино Рувци и Обршани во вкупна должина од1500м
Временски период на имплементација на проектот: 07/2026 до 11/2026година.
Вкупна планирана вредност на проектот : 5.000.000,00 денари
Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 5.000.000,00 денари

## IV. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 500.000,00 денари
Буџет на општина: 500.000,00 денари

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изработка на урбанистички план за вон населено место**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи урбанистички план за вон село за изградба на енергетски капацитети

Временски период на имплементација на проектот: 03/2024до 12/2024година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 500.000,00денари

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА***

ПРИХОД: 400.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 400.000,00 денари

РАСХОДИ:

**Проект 2: Изработка на измени на урбанистички план за село Обршани.**

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи измени на постоечки УПС за Обршани кои се донесуваат на задржување на постоеката локација на спортското игралиште, соповршина од 2,0 хектари во размер 1:1000

Временски период на имплементација на проектот: 03/2025до 12/2025година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 400.000,00денари

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 400.000,00 денари

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 400.000,00 денари

Буџет на Општина Кривогаштани : 400.000,00 денари

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изработка на Урбанистички планови за вон село за нас.место со површина од 20 хектари.**

Временски период на имплементација на проектот: 03/2026 до 12/2026година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 400.000,00денари

Извор на финансирање:

Приватни инвеститори : 300.000,00 денари

## V.РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 1.650.000,00 денари

Буџет на ЕЛС Кривогаштани:1.650.000,00 денари

РАСХОДИ:

**Проект 1: Изградба на тротоар на ул„Филип Втори„ во Кривогаштани- *3фаза-150м со вклучена атмосферска канализација***

Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се уредат јавните површини на ул.”Филип Втори” со изградба на тротоари.

Временски период на имплементација на проектот: 04/2024до 10/2024година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 1.500.000,00денари

ЕЛС Кривогаштани: 500.000,00 денари

**Проект 3: Изработка на техничка документација за изградба на тротоар на ул„Браќа Моцаноски„ во Кривогаштани- *1фаза-200м***
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изградат тротоари на ул.”Браќа Моцаноски” во должна од 200м.
Временски период на имплементација на проектот: 04/2024 до 09/2024 година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 150.000,00денари
Извор на финансирање:
ЕЛС Кривогаштани: 150,000 денари

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ:9.100.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари
РАСХОДИ:
**Проект 1: Изградба на тротоар на ул„Браќа Моцаноски„ во Кривогаштани- *1фаза-200м***
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се уредат јавните површини на ул.”Филип Втори” со изградба на тротоари.
Временски период на имплементација на проектот: 04/2025 до 09/2025година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 2.000.000,00денари
ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНИОСТ ЗА 2026 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 2.000.000,00 денари
ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари
РАСХОДИ:
ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари
**Проект 1: Изградба на тротоар с. Обршани- *2 фаза-200м***
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се уредат јавните површини на ул.”Филип Втори” со изградба на тротоари.
Временски период на имплементација на проектот: 04/2026 до 09/2026година.
Вкупна планирана вредност на проектот: 2.000.000,00денари
Извор на финансирање:
ЕЛС Кривогаштани: 2.000,000 денари

**VI.РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2024 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 2.000.000,00 денари
ЕЛС Кривогаштани: 2.000.000,00 денари
РАСХОДИ:
**Проект 1: Инсталација на инвертер клими во општинската зграда**
**Опис: Со проектот се предвидува да се заменат постоечките „сплит„ клими со инвертер клими со кои ќе се врши затоплување на просториите во зимскиот период**
Временски период на имплементација на проектот: 05/2024до 08/2024година.

Вкупна планирана вредност на проектот: 500.000,00денари
Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани
**Проект 2.Изработка на техничка документација и поставување на фотонапонски панели на кров на општинска зграда во Кривогаштани.**
**Вредност: 60.000 денари**
Временски период на реализација до 12/2024
И Извир на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 1.500.000 денари
Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 1.560.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани :1.560.000,00денари
РАСХОДИ:
**Проект 1.Изработка на техничка документација за поставување на фотонапонски панели на кров на ОУ Манчу Матак во Кривогаштани.**

**Вредност: 1.500.000 денари**
Временски период на реализација до 12/2025
Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани
**Проект3 : Изработка на техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј.**
Опис на проектот: Со проектот се предвидува да се изработи техничка документација за поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпната станица за водоснабдување во бунарско поле с. Славеј.
Временски период на реализација до 12/2024
Вредност: 50.000 денари
Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 60.000 денари

***ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 ГОДИНА:***

ПРИХОДИ: 1.000.000,00 денари
Буџет на ЕЛС Кривогаштани :1.000.000,00денари
РАСХОДИ:
**Проект 2. поставување на сончев колектор за производство на електрична енергија за потребите на пумпна станица во бунарско поле с. Славеј**
**Вредност: 1.000.000 денари**
Временски период на реализација до 12/2026
Извор на финансирање: ЕЛС Кривогаштани: 1.000.000 денари

Бр.08-1041/5
22.11.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година**

1. Се прогласува Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

2. Програмата за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1066/5 — Градоначалник на
22.11.2023 година — општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

## П Р О Г Р А М А

**за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година**

Вовед

Појдовна основа за изработка на Програмата за зимско одржување на општинските патишта е член 14 точка 8 и член 34 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/9, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 103/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 150/15 и 31/16) како и член 34 став 1 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр.36/04, 86/08, 124/10 и 18/11 )

Содржина

1. Цел на Програмата
2. Обем, динамика и ниво на одржување

3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување обврски на учесниците
3.1 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата
3.2 Советот на општина Кривогаштани
3.3 Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.5 Други учесници
4. Прилози:

**1. Цел на Програмата**

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување назимското одржување на локалните патишта на територијата на општина Кривогаштани преку:

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа Програма;
- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

**2. Обем, динамика и ниво на одржување**

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

Општински патишта по соодветен приоритет, по тип на коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- Општински патишта од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- Општински патишта од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурствоте се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

**3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување н обврски на учесниците**

На подрачјето на Општина Кривогаштани, службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа – Кривогаштани, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.

**Зимското одржување на локалните патишта и улици во општина Кривогаштани ќе го врши општинското јавно претпријатие ЈП„Пелагонија„.**

Одржувањето на локалните патишта и улици ќе се врши со механизација и опрема за зимско одржување на локални патишта и улици набавени од страна на општина Кривогаштани со кредит од Светска Банка во рамките на МСИП проектот, како и со багер ровокопач.

ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата.

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност:

3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите

ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани на кое ќе му бидат доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики.

Претпријатието ги има следните задолженија:

- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок-ризла на коловозните површини;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;

- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;

- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот, РЦУК-Прилеп и подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи;

- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и успешно дејствување на службата за зимско одржување;

- за сезоната 2023/2024 година во доволни количини да обезбеди песок- ризла за посипување на коловозните површини.

3.2. Советот на општина Кривогаштани

- ја усвојува оваа Програма;

- го контролира извршувањето на оваа Програма.

3.3. Единицата на локална самоуправа Кривогаштани

- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;

- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување.

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;

- врши координација со органите и телата на Советот на општина Кривогаштани, со РЦУК-Прилеп, подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;

- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;

- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

3.5. Други учесници

3.5.1. Подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Кривогаштани и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите.

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Кривогаштани, во делот на отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.5.3. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК-Прилеп доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Кривогаштани , претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. Подрачното одделение на ЕВН Македонија АД Скопје – КЕЦ Прилеп, ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5. Подрачното одделение на ``Македонски телекомуникации``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (дуќани, продавници, ресторани и сл.објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеките и приодите пред своите домови.

За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според Законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

**4. Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување**

4.1 Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП Македонија Пат, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта.

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината, опфатени се главните улици на следните населени места:

-**Кривогаштани**-улица Филип Втори, опфатена со регионалниот пат Р1306 (Прилеп-Кривогаштани-Крушево Сладуево)

**-Кривогаштани**- улиците Македонски Просветители и Браќа Моцаноски (делница према с.Кршеани),

**-Крушеани, Обршани, Бела Црква и Воѓани** со регионалниот пат Р 2335 (Вашарејца-Бучин-Обршани-Кривогаштани-Ропотово),

**-Обршани и Боротино** –со регионалниот пат Р2339 (Лагово-Галичани-Обршани-Граиште)

**5. Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет:**

| Реден број (приоритет) | Патен правец/улици | Должина во км | Празен од во км |
|---|---|---|---|
| 1 | Рег.пат Р2335-Кореница | 1.1 | 1.1 |
| 2 | Кореница - Годивле | 2.0 | 0 |
| 3 | Годивле - рег.пат Р 2335 | 1.0 | 0 |
| 4 | Рег.пат Р 2339 во Обршани – Пашино Рувци | 0.8 | 14.0 |
| 5 | Кривогаштани – Св.Митрани | 0.9 | 0 |
| 6 | Пашино Рувци – Чепигово | 5.0 | 5.0 |
| 7 | Пашино Рувци- Манастир Св. Ѓорѓиј | 2.0 | 14 |
| 8 | Рег.пат Р 1306 - Врбјани | 0.6 | 9.0 |
| 9 | Рег.пат Р 2335 - Подвис | 0.6 | 6.0 |
| 10 | ВКУПНО | 14.0 | 37.0 |

**6.** Чистењето на снегот започнува во првите моменти на заврнување односно после наврнување на снег во висина од 5см, а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

**7.** При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20 см, по наредба на штабот за заштита и спасување на Општина Кривогаштани ќе се побара и помош за вклучување на ЈП ,,Македонија пат,, која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта.

Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација, а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното население за рачно расчистување на снегот.

**8.** Се задолжуваат претпријатијата кои се задолжени со механизација во овој план, да обезбедат исправност на механизацијата во зимскиот период. Доколку констатираат неисправност на механизацијата, за истото навремено да ја информираат општина.

**9.** Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветено на делницата Р2335 – Кореница – Годивле – Р 2335, каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

**10.** Средствата за зимско одржување се обезбедени од Буџетот на Општина Кривогаштани од Програмата Ј6, подставка 424320.

**Буџет на програмата**

-Цена за чистење на снег на општински патишта, со трактор со снежен плуг или ровокопач со предна корпа изнесува: 1.800,00 ден(со вклучен ДДВ) за еден километар, и набавка и посипување на улици со трактор со соларка 2000 ден (со вклучен ДДВ) за 1 $м^3$.

-Вкупна цена за чистење на снег со снежен плуг на општински патишта изнесува :
14.00км x 1.800,00 денари = 25.200,00 денари за едно чистење.
-Претпоставено 4 чистења x 25.200,00 ден. = 100.800,00 ден/годишно
-Претпоставена количина за набавка на ризла (2-4мм) и посипување на улици со трактор со соларка: 20$м^3$
20$м^3$ x 2000ден. = 40.000 денари

**Вкупно за чистење на снег: 140.800,00 денари**

Бр.08-1041/6
22.11.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК

**за прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

2. Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани

Бр.09-1066/6
22.11.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 33 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ''бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ„бр. 151/21 ), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на општина Кривогаштани'' бр.3/11, 14/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 22.11.2023 година донесе :

# ОДЛУКА

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | БУЏЕТ | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401320 Персонален данок од доход од надомест | 0 | 0 | 96,666 | 0 | 0 |
| 404110 Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | 27,500 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401320 Персонален данок од доход од надомест | 0 | 0 | 40,000 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401310 Персонален данок од доход н плата | 0 | 0 | -20,606 | 0 | 0 |
| 421220 Дрва | 0 | 0 | -40,000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | -63,560 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 480190 Купување друга опрема | 0 | 0 | -40,000 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-1041/7
22.11.2023 година
Кривогаштани

Претседател на Совет
на општина Кривогаштани
Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 40-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 22.11.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**


1. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г..................1
   -Заклучок за усвојување на Квартален извештај (трет квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г...........................................................1
2. Заклучок за прогласување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година,........................................................................2
   - Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кривогаштани за 2023 година,..........................3
3. Заклучок за прогласување на План на Програми за развој на општина Кривогаштани за период од 2024 до 2026 година,...............................................3
   - План на Програми за развој на општина Кривогаштани за период од 2024 до 2026 година,...........................................................................................................4
4. Заклучок за прогласување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на Општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година,.......................................................................................12
   -Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта на територијата на Општина Кривогаштани за сезоната 2023/2024 година,.................12
5. Заклучок за прогласување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г...........................................................18
   -Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 г...........................................................................................................18


ПРИЛОГ: Квартален извештај (трет квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година


**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**